**20140090160**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 79 точка 1) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12 и 164/13), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање дозвола за приватно обезбедување и формата и содржината на образецот на дозволата за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/13), во членот 2 ставот 3 се менува и гласи:

„Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив “МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“; наслов на барањето „БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ“, видот на дозволата за приватно обезбедување, за која се поднесува барањето и тоа: 1. во вид на давање на услуги (физичко обезбедување и/или техничко обезбедување) или 2. за сопствени потреби; назив и седиште на правното лице; име и презиме, датум на раѓање, место на раѓање; место и адреса на живеење, број на лична карта и податоци за контакт на одговорното лице во правното лице; датум и место на поднесување на барањето ; потпис од подносителот на барањето; наведување на потребната документација во прилог на барањето; согласност од подносителот на барањето за обработка на неговите лични податоци, потпис на подносителот на барањето и упатство за пополнување на барањето.“

Член 2

Во членот 3 ставот 2 се менува и гласи:

„Доказите од став 1 точка 1.а алинеи 1 и 3, точка 1.б алинеи 1, 3 и 10 и точка 2 алинеи 1 и 3 кои во барањето се означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Докази од став 1 точки 1.а, 1.б и 2 на овој член кои во барањето не се означени со ѕвезда (*) се приложуваат во оргинал или копија заверена на нотар.“

Член 3

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-475/1
3 јануари 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

ДО
Прилог бр.1
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# БАРАЊЕ
# ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Барањето го поднесувам за издавање на дозвола за приватно обезбедување:

| 1. ☐ во вид на давање услуги | |
|---|---|
| ☐ физичко обезбедување и/или<br>☐ техничко обезбедување | |

| 2. ☐ за сопствени потреби | |
|---|---|

(да се заокружи потребното)

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Назив на правното лице | Седиште на правното лице |
|---|---|
| | |

4. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ

| Име и презиме на одговорно лице во правно лице | Датум на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|---|
| | | |

| Место и адреса на живеење | Број на лична карта | Податоци за контакт |
|---|---|---|
| | | |

Датум и место на поднесување на барањето

____.____._20____, _________________

Потпис на подносителот

______________________________

**5. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВИД НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ЗА ФИЗИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ:**

| | |
|---|---|
| ☐ | доказ за извршен упис на дејноста во Централниот регистар на Република Македонија (*) |
| ☐ | лиценци за физичко обезбедување од најмалку 15 работници за обезбедување |
| ☐ | потврда од Комората дека работниците за обезбедување за кои се доставуваат лиценци за приватно обезбедување не поседуваат важечки легитимации за физичко обезбедување (*) |
| ☐ | акт за систематизација на работни места, со опис и попис на работите и работните задачи и овластувањата на вработените за секое работно место |
| ☐ | акт со кој се пропишува изгледот на работната облека и знакот на правното лице |
| ☐ | доказ за поседување на деловна просторија |
| ☐ | доказ за поседување на најмалку две моторни возила |

ПРИЛОГ ДОКАЗИ КОН БАРАЊЕТО ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ДОСТАВУВАМ:

| | |
|---|---|
| ☐ | лекарско уверение не постаро од три месеци |
| ☐ | доказ дека не е осудуван со правосилна судска пресуда за кривично дело, освен за кривично дело загрозување на безбедноста на сообраќајот сторено од небрежност и дека против него не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност (*) |

**6. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВИД НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ЗА ТЕХНИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ:**

| | |
|---|---|
| ☐ | доказ за извршен упис на дејноста во Централниот регистар на Република Македонија (*) |
| ☐ | лиценци за техничко обезбедување од најмалку три работници за техничко обезбедување |
| ☐ | потврда од Комората дека работниците за обезбедување за кои се доставуваат лиценци за приватно обезбедување не поседуваат важечки легитимации за техничко обезбедување обезбедување (*) |
| ☐ | акт за систематизација на работни места, со опис и попис на работите и работните задачи и овластувањата на вработените за секое работно место |
| ☐ | акт со кој се пропишува изгледот на работната облека и знакот на правното лице |
| ☐ | доказ за поседување на деловна просторија |
| ☐ | доказ за поседување на најмалку две моторни возила |

ПРИЛОГ ДОКАЗИ КОН БАРАЊЕТО ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ДОСТАВУВАМ:

| | |
|---|---|
| ☐ | лекарско уверение не постаро од три месеци |
| ☐ | доказ дека не е осудуван со правосилна судска пресуда за кривично дело, освен за кривично дело загрозување на безбедноста на сообраќајот сторено од небрежност и дека против него не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност (*) |

## 7. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ:

| | |
|---|---|
| ☐ | доказ за извршен упис на дејноста во Централниот регистар на Република Македонија (*) |
| ☐ | лиценци за физичко обезбедување од најмалку 10 работници за обезбедување |
| ☐ | потврда од Комората дека работниците за обезбедување за кои се доставуваат лиценци за приватно обезбедување не поседуваат важечки легитимации за физичко обезбедување (*) |
| ☐ | акт за систематизација на работни места на правното лице, кој содржи посебен дел со опис и попис на работите и работните задачи и овластувањата на вработените кои ги вршат работите на приватно обезбедување за сопствени потреби, за секое работно место |
| ☐ | посебен акт со кој се пропишува изгледот на работната облека на вработените кои ги вршат работите на приватно обезбедување за сопствени потреби |
| ☐ | доказ за поседување на деловна просторија |

Доказите означени со звезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност

Доказите кои не се означени со (*) се приложуваат во оргинал или копија заверена на нотар

---

8. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) на ова барање.

Потпис на подносителот

_________________________________

---

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

- Податоците од делот 1 до 8 ги пополнува подносителот на барањето;
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот “податоци за контакт“;
- Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 5, 6 и 7 кои не се означени со ѕвезда (*), а Министерството за внатрешни работи не е во можност да ги прибави по службена должност, подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.